Република Северна Македонија
Општина Долнени

Локална самоуправа

Republika e Maqedonisë së Veriut
Komuna e Dollnenit
Vetëqeverisja Lokale

Врз основа на член 39 став 1 алинеја 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) а согласно член 23 став 2 од Статутотна општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени“ бр.10/19) членовите на Советот на општина Долнени го донесоа следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За свикување на 17 (седумнаесеттата) седница на Советот на општина Долнени на ден 14.11.2022 год. во 12:00 часот која ќе се одржи во општина Долнени – Сала за состаноци во Подрачни канцеларии Ропотово, со следниот :

**Д н е в е н р е д**

34. Усвојување на Записникот од петнаесеттата седница на Советот на општина Долнени.
35. Ребаланс на буџетот на општина Долнени за 2022 година.
36. Разно.

Претседател на Советот

на општина Долнени – Долнени

______________________________

Хусеин Хасановиќ с. р

# З А П И С Н И К

Од одржаната 17 (седуманесеттата) седница на Советот на општина Долнени на ден 14.11.2022 година во салата за состаноци во Подрачните канцеларии во Ропотово општина Долнени во 12:00 часот. На кој присуствуваа 15-членови и тоа: Виктор Пересki, Дејан Змејкоски, Ангела Јаковлеска, Елмедин Фазлиќ, Изет Сулејманоски, Мајран Алампиески, Нади Садикоски, Сеад Колашинац, Онур Имероски, Рахим Адемоски, Хусеин Хасановиќ, Шенај Зера Ќамилоска, Назим Адемоски и Ахмедин Рамовиќ и Линдита Сулејманоска. Од страна на Претседателот на Советот Хусеин Хасановиќ беше предложен следниот:

Д н е в е н   р е д

1. Усвојување на Записникот од петнаесеттата седница на Советот на општина Долнени.
2. Ребаланс на буџетот на општина Долнени за 2022 година.
3. Разно.

По читањето на дневниот ред претседателот на советот предложи да се надополни дневниот ред со уште една точка и тоа Одлука за отстапување на времено користење на простор. Вака предвиден дневен ред со дополнување беше ставен на гласање од кој сите советника гласаа ЗА.

1.По однос на првата точка од дневниот ред збор без никаква дискусија од страна на советниците претседателот точката ја стави на гласање од кој сите 15 советника гласаа ЗА.

2. По однос на втората точка од дневниот ред збор зеде советникот Изет Сулејманоски кој праша за што се работи што по често правиме ребаланс на буџетот. Соња Ѓорѓиоска објасни дека ребаланс се прави бидејќи платите во образование се зголемија за 15% а во нашиот буџет не е предвидено тоа. Потоа советникот Изет праша од кој ставки ќе се намалат. Соња објасни дека ДДВ кои го добиваме секој месец е зголемено и така од таму ќе се земат средствата. Потоа советникот Сеад Колашинац праша како го добиваме ДДВ квартално или месечно и каде се префрлаат средствата. Соња објасни дека месечно ни го пуштаат ДДВ а ќе се распоредат каде што ќе има потреба. Потоапретседателот на советот Хусеин Хасановиќ праша кога ќе се испалат двата месеци од претходниот мандат ако не двата барем еден нека се исплати. Потоа советникот Изет праша за превозот дали има блок дотација. Соња објасни дека блок дотации за превозот идат уште од 2007 година. Потоа советникот Изет предложи патите кои се наменети за екскурзија ако не се потрошат да се пренаменат за набавка на лап топи за советниците. Потоа советникот Сеад Колашинац праша до каде е реконструкцијата на патот за с.

Кошино пошто се повеќе се расипува и можи да дојди да не мажат мештаните да поминат. Вака преставениот ребаланс на Буџетот за 2022 година претседателот го стави на гласање од кој 12 советника беа ЗА а додека 3 беа воздржани.

3. По однос на третата точка од дневниот ред претседателот објасни за што се работи и нагласи дека станува збор за населено место Ропотово. Вака претставената одлука пред советниците беше ставена на гласање од кој 12 советника беа ЗА а додека 3 беа воздржани.

4. По однос на третата точка од дневниот ред претседателот ги прочита неколкуте барања кои беа упатени до советот на општина Долнени.
Барање од Милан Симоноски од с. Стровија кој бара финансиска помош бидејќи го опфатил пожар. Советот донесе заклучок да му се доделат 10.000 денари претседателот овај предлог го стави на гласање од кој сите советника гласаа ЗА.
Барање од Исмаилакија Исљамоски од с. Дебреште кој бара помош за болеста која го има зафатено. Советот донесе заклучок да му се доделат 15.000 денари претседателот овај предлог го стави на гласање од кој сите советника гласаа ЗА.
Барање од Синаноска Туркијан с. Пешталево кој е во тешка финансиска состојба и неговото здравје е нарушено. Советот донесе заклучок да му се доделат 10.000 денари претседателот овај предлог го стави на гласање од кој сите советника гласаа ЗА.

З а п и с н и ч а р

Еркан Ајдароски

П р е т с е д а т е л
на Советот на општина

Хусеин Хасановиќ